Мониторинг извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата и контрола на државната помош

Трет квартал 2020

за периодот од 01.07.2020 до 30.09.2020

Центар за економски анализи – ЦЕА

Скопје,
октомври, 2020

Трет квартален мониторинг извештај за работата на КЗК

< Мониторинг извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата и контрола на државната помош >

Проект: Следење на политиките за заштита на конкуренција и државна помош
Имплементира: Центар за економски анализи (ЦЕА)
Изготвил: Центар за економски анализи (ЦЕА)
Издавач: Центар за економски анализи (ЦЕА)
бул. Јане Сандански 63/3
1000 Скопје, Република Северна Македонија
info@cea.org.mk, www.cea.org.mk

Автори:
Ивана Велковска
Марјан Николов
Весна Гарванлиева Андонова

Подготовката на овој материјал беше овозможена со финансиска поддршка од Шведската меѓународна агенција за развој (SIDA) преку проектот Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија имплементиран од Канцеларијата на Обединетите Нации за проектни услуги (UNOPS). Содржината на овој материјал е целосна одговорност на авторите и ЦЕА и не ги одразуваат мислењата на SIDA, Секретаријатот за европски прашања при Владата ан Република Северна Македонија и UNOPS. Репродуцирање на материјалот на не-комерцијална основа е дозволена само доколку изворот е соодветно потврден.

The production of the material has been supported by the Swedish International Development Agency (Sida) through the "Nordic Support for Progress of North Macedonia" Project implemented by the United Nations Office for Project Services (UNOPS). The content of the material is the sole responsibility of the authors and the implementing institution and can in no way be taken to reflect the views of Sida, Secretariat for European Affairs of the Government of North Macedonia and UNOPS. Reproduction is authorised for non-commercial purposes provided the source is acknowledged.

Содржина

Резиме 5
Вовед 6
Методологија 7
Мониторинг по групи на индикатори 8
1. Индикатори за капацитетите на КЗК 8
2. Индикатори за заштита на конкуренција 10
3. Индикатори за контрола на државна помош 15
4. Индикатори за транспарентност 19
Прилози 24
Прилог 1 – Индикатори за капацитетите на КЗК 24
Прилог 2 – Индикатори за заштита на конкуренцијата 25
Прилог 3 – Индикатори за контрола на државна помош 29
Прилог 4 – Индикатори за транспарентност 33

КЛУЧНИ НАОДИ

Комисијата за заштита на конкуренција (Комисијата, КЗК) е надлежен орган за заштита на конкуренцијата и контрола на државната помош кои како прашања се опфатени со Поглавјето 8 од процесот на преговори со Европската Унија и се клучни за функционирањето на пазарната економија. Набљудувајќи ги активностите на Комисијата по однос на одделните групи на индикатори за **третиот квартал од 2020** година ЦЕА ги издвојува следните клучни наоди за работата на Комисијата:

1) Како што е наведено во годишните извештаи на Европската Комисија и во годишните извештаи на самата КЗК, постои недостаток на капацитети во КЗК. Планираните нови вработувања за 2020 година кои се предвидени со Стратешкиот план за 2020-2022 не се реализирани ни во третиот квартал. Според Правилникот за систематизација во КЗК се превидени 40 работни места, а во моментот има 24 вработени;

2) Во годишните извештаи на Европската Комисија се наведува потребата за зголемување на обемот на донесени решенија за заштита на конкуренцијата. Речиси сите решенија по доставените известувања за концентрација се безусловно одобрени концентрации. КЗК многу ретко носи решенија за забранети концентрации. Потребно е зголемување на бројот на донесени решенија по однос на заштитата на конкуренцијата;

3) Европската Комисија оценува дека контролата на државна помош во Северна Македонија не е доволно транспарентна. Износот и примателите на државна помош се познати за прв пат во Годишниот извештај на КЗК за 2018-та година. Износот на одобрена државна помош за 2019 и 2020 година ќе биде достапен за јавноста откако Собранието ќе ги усвои Годишните извештаи за тие години. Сметаме дека улогата на КЗК во процесот на доделување државна помош за справување со економските последици од Ковид-19 е клучна и нејзината работа треба да биде целосно транспарентна за јавноста;

4) Функционалноста на веб-страницата на КЗК е од големо значење за транспарентноста на Комисијата. После обновата на веб-страницата на крајот на 2019-та година, достапни се само решенијата за државна помош од 2019-та година. Дополнително, нередовно се објавувани решенијата за забранети договори. Досега во 2020 година на веб-страница КЗК објавиле само една вест. Оттука сметаме дека е потребно засилување на комуникацијата на КЗК со општата јавност преку редовно објавување вести и информации за нивните активности;

5) Доделувањето на државна помош како одговор на последиците од пандемијата се смета како исклучок од општата забрана за државната помош, односно член 7 од Законот за контрола на државна помош според кој државна помош се доделува само по одредени исклучоци и со утврдени процедури. Иако објавувањето информации за мерките за државна помош која ја бараат давателите на државна помош е законска обврска (чл. 29, ЗКДП), КЗК со задоцнување од четири месеци ги објавиле решенијата за мерките за државна помош поврзани со Ковид-19.

Резиме

- Во годишните извештаи на Европската Комисија за напредокот на земјата редовно се истакнуваат и повторуваат истите препораки за унапредување;
- Во К3 од 2020 година ***не е донесено ниту едно решение за забранет договор или злоупотреба на доминантна позиција;***
- Согласно Стратешкиот план на КЗК за 2020-2022, во 2020 година предвидено е спроведување на истражувања и изготвени анализи за состојбите во остварувањето на конкуренцијата на пазарот на течен нафтен гас, досега оваа активност не е реализирана;
- Во К3 од 2020 година спроведена е една обука за вработените на КЗК, но нема нови вработувања иако истите се предвидени за 2020 година според Стратешкиот план на Комисијата за 2020-2022;
- ЕК во последниот извештај повторно оценува дека контролата на државна помош во Северна Македонија не е доволно транспарентна;
- Во К3 од 2020 година, до КЗК се доставени 4 известувања за државна помош, а истите се одобрени од КЗК, и едно решение за de minimis помош;
- За годините од 2009 до 2015 нема објавени податоци за износот на одобрена државна помош ниту пак за примателите на државна помош. Во 2016 година за првпат се познати имињата на компаниите кои добиле државна помош но, без да се обелоденува износот на одобрената држава помош. За 2018 година за првпат одобрената државна помош е објавена и износот и имињата на компаниите за кои таа е планирана. ***Износот на одобрена државна помош за 2019 не е достапен бидејќи овој податок се објавува само во усвоените годишни извештаи на КЗК*** и се очекува да биде достапен за јавноста откако Собранието ќе го усвои; оттука и вредноста за 2020 година (досега) не е достапна;
- На веб страницата на КЗК достапни се известувањата за концентрации од страна на компаниите но, само за 2019-та година се до третиот квартал од 2020-та година, но не и за претходни периоди;
- Решенијата за концентрации се достапни на веб-страната почнувајќи од 2005-та година, но за ***2020 година објавени се само делумно*** (споредено со информациите добиени преку барање за информации од јавен карактер);
- Решенијата за ***забранети договори не се објавуваат редовно*** и се објавуваат селективно, со последна објава од февруари 2018 година;
- Решенијата за одобрена државна помош се достапни само за 2019 година, во кои ***износот на државната помош се третира како доверлив***. Решенијата за претходни години не се објавени на веб страната на КЗК. Решенијата од 2020 година се делумно објавени;
- Поради пандемијата со Ковид-19 и економските мерки за помош на деловните субјекти за справување со последиците од кризата, ***Владата на РСМ побарала Мислење*** од КЗК за усогласеноста на ***вториот сет на економски мерки*** со Привремената рамка за државна помош на ЕУ. Мислењето на КЗК е дека вториот сет на мерки е во согласност со рамката и укажува Владата и давателите да достават известувања за државна помош. ***Решенијата издадени од КЗК за дозволена државна помош се објавени 4 месеци по нивно донесување.***

Вовед

Центарот за економски анализи (ЦЕА) во текот на 2020 година континуирано ја следи работата и транспарентноста на Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) со финансиска поддршка од Шведската меѓународна агенција за развој (SIDA) преку проектот Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија имплементиран од Канцеларијата на Обединетите Нации за проектни услуги (UNOPS). За таа цел, во соработка со КЗК, ЦЕА врши мониторинг на работата на КЗК на квартално ниво за 2020 година. Ова е третиот квартален извештај од мониторингот на работата на КЗК и го опфаќа месеците јули, август и септември.

Несомнена е улогата на државата во пазарната економија од аспект на овозможување на услови за постоење на пазарна економија како демократско уредување, владеење на право, обезбедување на систем на инфраструктура, одржување на макроекономска стабилност, но и заштита на пазарите од нарушувања во конкуренцијата. Согласно Законот за заштита на конкуренција и Законот за контрола на државната помош, кои се двата клучни закони од оваа област, Комисијата за заштита на конкуренција на Република Северна Македонија е надлежен орган за спроведување на овие закони. Оттука, произлегува потребата за следење на активностите на Комисијата.

Политиките за заштита на конкуренцијата заедно со контролата на државната помош се препознаени како клучни и за функционирањето на внатрешниот пазар на Европската Унија. Северна Македонија го отвори процесот за започнување на преговори за членство во ЕУ во март 2020 година, а прашањата на заштита на конкуренција и контрола на државната помош се опфатени со Поглавјето 8 односно со новата методологија во кластерот на внатрешен пазар. Во последниот извештај за напредокот на земјата[1] (од октомври 2020), Европската Комисија ја оценува земјата како делумно подготвена во однос на Поглавјето 8. Според извештајот, иако главната легислативна рамка за заштита на конкуренцијата и контролата на државната помош е хармонизирана со таа на Европската Унија, сепак потребно е зајакната имплементација на истата. Дополнително, се истакнува потребата од зајакнување на административните капацитети на КЗК во поглед на вработени и буџет како и зголемување на обемот на работа. Имено, КЗК ***не постигнала напредок*** во однос на овие прашања споредено со претходните години кога истите забелешки се повторно издвоени од страна на Европската Комисија.

[1] Види повеќе на следниот линк: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/north_macedonia_report_2020.pdf

Според Европската Комисија, и во следната година КЗК треба да се фокусира на следното:

→ јакнење на независноста и капацитетите на КЗК и зголемување на бројот на предмети вклучително на проблематичните предметите[2] кои се наведуваат;
→ зголемување на транспаретноста на доделената државна помош;
→ дополнително усогласување на легислативата за контрола на државна помош.

Методологија

Следењето на работата и активностите на КЗК е на квартална основа и ќе се врши во текот на 2020 година. Пред започнување на мониторингот изготвена е Матрица за мониторинг на работата на КЗК во која детално се идентификувани пристапите за следење како и индикаторите кои ќе бидат мерени во текот на следењето. Освен тоа, за секој индикатор е определен базниот период за споредба и оцена на индикаторот. Матрицата на индикатори за следење/мониторинг на работата на КЗК е поделена на следните групи:

I. Капацитети на КЗК
II. Извршување на заштита на конкуренција од страна на КЗК
III. Извршување на контрола на државна помош од страна на КЗК
IV. Транспарентност на КЗК

Првата група на индикатори ги мери капацитетите на КЗК, втората ги мери активностите во рамки на КЗК за заштита на конкуренцијата, третата ги мери активностите на КЗК за контрола за државна помош, а четвртата се однесува на нивото на транспарентност на КЗК. Треба да се напомене дека овој мониторинг е од бинарен карактер односно оценува дали активностите/документите се спроведени/достапни или не, а не навлегува во квалитетот на активностите и документите.

Во текот на следењето, информациите ќе се прибираат преку: годишните извештаи на КЗК, веб страната на КЗК, формални канали на комуникација како што се барање за информации од јавен карактер и/или комуникација со лицето задолжено за односи со јавност, медиумите и генерално засегнатите страни, но и преку неформална комуникација (е-мејл и телефонска комуникација, состаноци итн.). За споредба за секој од индикаторите се користи пет-годишниот период од 2015-2019 година.

[2] Се наведуваат Законот за финансиска поддршка на инвестициите (Сл. Весник на РСМ 83/18, 98/19, 124/19) за спроведување на Планот за економски раст; потоа шема на државна помош на аеродромите; и Законот за стратешки инвестиции на Република Северна Македонија (Сл. Весник на РСМ 14/20)

Мониторинг по групи на индикатори

1. Индикатори за капацитетите на КЗК

Согласно Стратешкиот План на КЗК за 2020-2022, една од стратешките цели на КЗК е јакнење на капацитетот на Комисијата за заштита на конкуренцијата (Комисијата) во однос на потребата за зголемување на бројот на вработени и зајакнување на нивните вештини преку обуки, семинари и студиски посети на конкурентски управи во странство и тела задолжени за контрола на државната помош. Првата група на индикатори од матрицата за следење на работата на КЗК се однесуваат на капацитетите на КЗК и тоа вкупниот број на вработени во КЗК и вработените по сектор за заштита на конкуренција и контрола на државна помош како и помошен персонал, годишниот буџет на КЗК како процент од вкупниот буџет на РСМ, оперативните трошоци по вработен и бројот на обуки и број на учесници/вработени.

Индикаторот за број на вработени дава преглед на капацитетите за дизајн и имплементација на политиките за заштита на конкуренција и контрола на државна помош. ***Во третиот квартал од 2020 година нема промени на бројот на вработени во КЗК***. Со Правилникот за систематизација на работните места во стручната служба се предвидени 40 работни места додека 24 пополнети позиции. Во текот на 2020 планирани се вработувања во Комисијата согласно работните места и критериумите утврдени во Правилникот за систематизација. Во ***извештаите на Европската Комисија е истакнат проблемот со недостаток на капацитети во КЗК посебно во секторот за контрола на државна помош***. Истото се наведува како недостаток и во секој Годишен извештај од страна на самата институција. Дополнително, преку податоци собрани со интервју и прашалник и вработените на КЗК истакнуваат дека постои проблем на недостаток на капацитети на КЗК. Притоа, тие сметаат дека проблемот не е во недостатокот на експертиза во постоечките вработени туку во недостатокот на дополнителни вработувања односно финансиски средства за нови вработувања. Според нив, недостатокот на капацитети се одразува и на нивото на транспарентност на КЗК со тоа што според перцепцијата на вработените во КЗК потребно е посебен вработен за управување на веб-страницата на КЗК за навремено и целосно објавување на оние документи на КЗК кои можат да бидат достапни за јавноста.

Комисијата е составена од Претседател и четири члена кои ги именува и разрешува Собранието на Република Северна Македонија, за период од пет години со право на повторно именување. Претседателот на КЗК и двајца членови се професионално ангажирани во работењето. Во КЗК има два сектора кои работат на примена на законот за заштита на конкуренцијата и тоа сектор за анализи и оцена на концентрации и сектор за прекршочни постапки и во истите во третиот квартал од 2020 година има по 4 вработени што е за еден вработен повеќе во споредба со 2015 година (од 7 на 8). Секторот за државна помош во третиот квартал од 2020 година има 4 вработени што значи еден

вработен помалку во споредба со 2015 година (од 5 на 4). Дополнителни сектори во КЗК се сектор за меѓународна соработка и примена на правото на ЕУ со 3 вработени, секторот за општи и правни работи каде во третиот квартал од 2020 има 4 вработени, одделение за финансиски прашања каде има 3 вработени и помошно технички персонал 1 вработен. Вкупниот број вработени лица за третиот квартал од 2020 година изнесува ***24 вработени што е за 5 вработени помалку во однос на 2015 година***. Согласно систематизацијата на работни места институцијата има простор (потреба) за уште 16 нови работни места односно вкупно 40 работни места.

Графикон 1: Вкупен број на вработени во КЗК 2015-3К/2020

Извор: Годишни извештаи на КЗК и Барања за информации од јавен карактер

Индикаторот за годишниот буџет на КЗК како процент од вкупниот буџет на РСМ дава преглед на буџетот кој е реализиран или планиран од страна на КЗК како и за ресурсите, дизајнот и имплементацијата во текот на времето и дава преглед дали релативната важност на заштитата на конкуренцијата и контролата на државната помош во однос на другите владини активности се зголемува или намалува. Од КЗК бевме информирани дека Годишниот извештај за 2019 е поднесен до Собранието на 27 март 2020 година, но не е проследен од страна на Комисијата за економски прашања. Бидејќи Годишниот извештај за 2019 кој го содржи и реализираниот буџет за 2019 сè уште не е одобрен од страна на Собранието, и истиот не беше доставен и покрај БИЈК, како што не е достапна ниту Завршната сметка на буџетот на РСМ за 2019 година ваков тековен индикатор не е пресметан. Расходите за тековната 2020 година не беа доставени од страна на КЗК за овој период го пресметавме процентот на планираниот буџет на КЗК како % од буџетот на РСМ. Овој релативен индикатор изнесува 0,01%, а со оглед на историските податоци за високата реализација на буџетот на институцијата, оценуваме дека истиот би бил приближен и до реализираниот буџет.

Во текот на низ анализираниот период (2015-09.2020) нема значајна промена во релативната вредност на буџетот на КЗК како удел во вкупниот буџет на РСМ. Индикаторот оперативни трошоци по вработен како сооднос на вкупните оперативни трошоци за годината и просечниот број на вработени во годината, поради истата горенаведена причина на недостапност на Годишниот извештај за 2019 година не е достапен. Податоци за третиот квартал од 2020 година, не беа доставени од страна на КЗК. Последниот достапен податок за пресметка на овој индикатор е за 2018 година кога

истиот изнесувал 683.749 денари по вработен, што е за 89.410 денари повеќе во однос на 2015 година или зголемување за 13%. Бројот на обуки и бројот на учесници/вработени покажува колку Комисијата инвестира во сопствените човечки капацитети. Овој податок не е достапен во Годишниот извештај, а според одговорот на КЗК на доставеното барање за информации од јавен карактер, тие не водат редовно вакви податоци за изминати периоди. Тековно според одговори на БИЈК во третиот квартал од 2020 година во КЗК имало една обука, додека во 2019 година имало вкупно 4 обуки со по 7 учесници.

Заклучоци:

- Во текот на третиот квартал од 2020 година во КЗК имало една обука за јакнење на капацитети и немало нови вработувања иако истите се предвидени за 2020 година според Стратешкиот план на Комисијата за 2020-2022.
- Во годишните извештаи на Европската Комисија и во Годишните извештаи на КЗК континуирано се истакнува проблемот на недостаток на капацитети во КЗК.
- Потребни се зголемени финансиски средства за КЗК за да се реши проблемот на недостаток на ресурси во КЗК.
- Во анализираниот период нема промена во релативната вредност на буџетот на КЗК во однос на буџетот на РСМ.

2. Индикатори за заштита на конкуренција

Втората група на индикатори се однесуваат на перформансите на КЗК во однос на нивната надлежност и обврска да обезбедат заштита на конкуренцијата на пазарот. Оваа институција тоа го прави преку спречување на нарушувања на конкуренцијата определени со закон: основни активности кои Комисијата ги врши согласно ЗЗК се: водење на постапки за утврдување на постоење на прекршоци утврдени во ЗЗК; водење на управни постапки за оценка на концентрации; анализа на состојбите на одредени пазари и давање на мислења. ЗЗК утврдува три основни облици на дејствување на претпријатијата со кои може да се спречи, ограничи или наруши конкуренцијата на пазарот: забранети договори, злоупотреба на доминантна позиција и забранети концентрации.

Бројот на решенија за забранети договори, одлуки и усогласено однесување помеѓу претпријатијата за време на анализираниот период од пет години се движи од 3 до 6 решенија годишно со тоа што во 2019 година тој изнесувал 3 решенија, а во третиот квартал од 2020 година нема такви решенија. Бројот на решенија за злоупотреба на доминантна позиција за време на анализираниот период се движи од 0 до 2 решенија, при што во 2019 година и до третиот квартал на 2020 година нема такви решенија. Вкупна изречена глоба за забранети договори, одлуки и усогласено однесување помеѓу претпријатијата за анализираниот период се движи од 9.754.000 во 2016 до 635.773.622 денари во

2017 година. Во 2019 овој износ е 122.311.619 денари. Вкупната изречена глоба за злоупотреба на доминантна позиција за анализираниот период се движи од 730.300 денари во 2015 година до 7.117.108 денари во 2018 година.

Графикон 2: Решенија за забранети договори и злоупотреба на доминантна позиција

Извор: Годишни извештаи на КЗК и Барања за информации од јавен карактер

Учесниците во концентрацијата се должни до КЗК да достават известување за концентрацијата пред нејзиното спроведување, а по склучувањето на договорот за спојување, односно по објавувањето на јавната понуда за откуп или стекнувањето на мнозинско учество во основната главнина на претпријатието. Број на поднесени известувања за концентрации од страна на учесниците во концентрацијата постојано расте, а годишно тој изнесува од 30 па до над 60 известувања. Во 2019 бројот на поднесени известувања за концентрации изнесувал 58 известувања. Во третиот квартал од 2020 година, според одговор на БИЈК од страна на КЗК, добиени се 15 известувања за концентрации, додека на веб страната во третиот квартал објавени се 20 нови известувања, дел од кои задоцнето објавени известувања од претходните квартали. Вкупниот број на донесени решенија по поднесени известувања за концентрации расте и за анализираниот период бројот се движи од 30 до 60 решенија годишно. Истиот во 2019 година изнесувал 57 решенија, а во третиот квартал од 2020 година 12 решенија. Најголем дел од овие решенија се безусловно одобрени концентрации со по едно решение годишно на условно одобрени концентрации, а ретко и по едно решение за забранети концентрации.

Во третиот квартал на 2020 година сите донесени решенија биле безусловно одобрени. Безусловно одобрените концентрации за време на анализираниот период се движат од 30 до 60 решенија, во 2019 година имало вкупно 50. Условно одобрени концентрации за време на анализираниот период или нема или пак има само едно такво решение. Во 2019 година и во третиот квартал од 2020 немало условно одобрени концентрации. Забранетите концентрации се исто многу ретки и за анализираниот период такво имало само во 2017 година додека во 2019 година и во третиот квартал од 2020 година нема таков случај. Решенија за концентрации кои не потпаѓаат под одредбите на ЗЗК обично нема иако во 2019 година имало дури 6 вакви. Поништени решенија со кои претходно

е одобрена концентрација се исто така ретки, а во 2019 имало едно такво решение, додека во третиот квартал од 2020 ниедно. Поништени решенија за концентрација поради нецелосност на истите се ретки и во 2019 и во третиот квартал на 2020 година немало ниедно такво решение.

Графикон 3: Решенија за концентрации



Извор: Годишни извештаи на КЗК и Барања за информации од јавен карактер

Решенијата на Комисијата за одлучување по прекршок и решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата донесени во управна постапка се конечни. Против таквите решенија може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 8 дена и во рок од 30 дена од денот на приемот на решението соодветно. Во случај на решенијата на Комисијата за одлучување по прекршок истата го одлага извршувањето на решението, додека во случај на решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението. Во 2019 година нема тужби против решенија за концентрации додека за забранет договор поднесени се две тужби. ***Во третиот квартал од 2020 година не е поднесена ниедна тужба против донесено решение од страна на КЗК.***

КЗК дава мислење по предлози на закони и други акти со кои се уредуваат прашања што се однесуваат на економската активност, а кои можат да имаат влијание на конкуренцијата на пазарот и во писмена форма го доставува до надлежниот орган. Бројот на дадените мислења од страна на КЗК во врска со заштита на конкуренцијата се движи од 4 до 6 мислења годишно. Во 2019 КЗК дале вкупно 6 мислења и тоа во врска со Законот за енергетска ефикасност, по однос на одредби од Кривичниот Законик, по однос на мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и три мислења до Агенцијата за електронски комуникации. ***Во третиот квартал од 2020 година не е дадено ниту едно мислење од страна на КЗК.*** Во однос на индикаторот број на ненајавени инспекции во компаниите, во 2019 година КЗК направиле три инспекции, додека во третиот квартал на 2020 година не е направена ненајавена инспекција. ***Бројот на претставки поднесени од страна на бизнисите до КЗК во 2019 изнесувал 1, а во третиот квартал од 2020 година немало таков случај.*** Во 2016 година КЗК спровела санкции за компании за спречување или одбивање да дадат информации кон две компании, а во 2018 година кон една компанија.

Прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршок се поведува по службена должност, по барање на генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата или по барање на физичко или правно лице кое има легитимен интерес за утврдување на постоење на прекршок. КЗК не води евиденција на бројот на таквите барања од физички и правни лица за поведување на прекршочна постапка. Во 2019 година имало 10 такви барања, додека во текот на третиот квартал од 2020 имало едно такво барање.

Со цел откривање на картели кои претставуваат прекршоци КЗК по барање на претпријатие кое го признало своето учество во картел ќе определи целосно ослободување од глобата, која по правило требала да му биде изречена на тоа претпријатие, ако истото приложи докази кои и овозможуваат на Комисијата за одлучување по прекршок да поведе прекршочна постапка или ако и приложи докази кои и овозможуваат на Комисијата за одлучување по прекршок веќе поведената прекршочна постапка да ја заврши со решение со кое се утврдува постоење на прекршок, доколку без таквите докази не можело да се утврди постоењето на прекршокот. ***Оваа можност за ослободување или намалување на глобата (leniency) не била применета во последните 5 години.***

Судската контрола над актите на КЗК се остварува преку поведување на управен спор врз основа на Законот за управна постапка во кој се испитува законитоста на тужбата поднесена од лице кое смета дека е повредено негово право или интерес. Кога Комисијата за одлучување по прекршок (КОП) при КЗК води прекршочна постапка ги применува одредбите од Законот за општа управна постапка, и Законот за прекршоци. Во контекст на судската заштита за акти од Комисијата за заштита на конкуренцијата, ЗЗК пропишува правила за постапка и жалба. Во однос на квантитативната пракса на уставниот суд по случаи во делот на управни прекршоци од областа на конкуренцијата постојат податоци за минатите неколку години (од 2014 година) со што се овозможува преглед на квантитативниот број на постапки во областа. Против решенијата на КЗК можат да се поднесат тужби пред Управниот суд согласно законската рамка. Според постапките наведени од судот годишно се иницираат околу десетина постапки и се решаваат пет по дванаесет постапки годишно. Бројот на управни постапки по однос на донесените решенија се во согласност со релативниот мал број на решенија од КЗК. За првите осум месеци од 2020 година има четири нови иницирани постапки пред судот и донесено е решение за еден предмет.

На прашањето дали КЗК спроведува економска анализа при носење на решенија за заштита на конкуренцијата, добивме одговор дека овие економски анализи се сведуваат на преглед на доставената документација од страна на компаниите при известувањето, а доколку е потребно и врз база на дополнителни податоци по барање на КЗК. Ако постојат околности кои укажуваат на можноста конкуренцијата да биде нарушена, Комисијата за заштита на конкуренцијата може да спроведе истражување во определен сектор на економијата или за определен вид на договори во различни сектори на економијата. КЗК нема спроведувано и правено економски анализи во анализираниот период. Согласно Стратешкиот план на КЗК за 2020-2022, во 2020 година предвидено е спроведување на истражувања и изготвени анализи за состојбите во остварувањето на конкуренцијата на пазарот на течен нафтен гас, меѓутоа досега оваа активност не е остварена.

Заклучоци:

- Бројот на решенија за забранети договори, одлуки и усогласено однесување помеѓу претпријатијата за време на анализираниот период се движи од 3 до 6 решенија годишно, а во третиот квартал од 2020 година нема ниедно такво решение;
- Бројот на решенија за злоупотреба на доминантна позиција за време на анализираниот период се движи од 0 до 2 решенија годишно, а во третиот квартал од 2020 година нема ниедно такво решение;
- Потребно е зголемување на досието на спроведување на работата на КЗК;
- Број на поднесени известувања за концентрации од страна на учесниците во концентрацијата постојано расте, а годишно тој изнесува од 30 па до над 60 известувања, а во третиот квартал од 2020 година има 15 такви известувања;
- Најголем дел од решенијата за доставените известувања се безусловно одобрени концентрации. Во третиот квартал од 2020 година сите донесени решенија се безусловно одобрени концентрации;
- Бројот на дадените мислења од страна на КЗК во врска со заштита на конкуренцијата се движи од 4 до 6 мислења годишно, а во третиот квартал од 2020 година КЗК нема издадено такво мислење;
- Економските анализи за поединечните предмети се сведуваат на преглед на доставената документација од страна на компаниите при известувањето;
- Согласно Стратешкиот план на КЗК за 2020-2022, во 2020 година предвидено е спроведување на истражувања и изготвени анализи за состојбите во остварувањето на конкуренцијата на пазарот на течен нафтен гас, меѓутоа досега оваа активност не е остварена;

3. Индикатори за контрола на државна помош

Оваа група на индикатори се однесува на активностите на Комисијата во делот на државната помош и податоците се преземени од Годишните извештаи на КЗК објавени на веб страната на КЗК и преку барање за информации од јавен карактер. Доделувањето на државната помош на компаниите треба да се одвива под законски определени услови и овие правила се унифицирани насекаде во Европската Унија. Генерално државната помош не е дозволена, туку само во утврдени исклучителни случаи. Во своите редовни извештаи за напредокот на РС Македонија, Европската Комисија во однос на државната помош во РС Македонија континуирано укажува на недоволна транспарентност при доделувањето и известувањето.

Давателите на државна помош (органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, како и секој друг орган или правно лице кои доделуваат или планираат да доделат државна помош) имаат законска обврска да достават до КЗК известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош. За време на анализираниот период просечниот број на доставени известувања изнесува 18 известувања годишно. ***Во 2019 година овој број изнесува 24 известувања додека во третиот квартал од 2020 – 4 известувања***. Притоа речиси сите доставени известувања за државна помош се одобрени од страна на КЗК, со само две ништовни решенија во 2016 и во 2018 година од вкупно поднесени 96 за анализираниот период. Во третиот квартал има 4 донесени решенија кои се безусловно одобрени.

Графикон 4: Решенија за одобрена државна помош

Извор: Годишни извештаи на КЗК и Барања за информации од јавен карактер

De minimis помош не смее да надмине 200.000 евра за период од три години за еден економски оператор, се доделува под одредени услови и според закон не претставува државна помош. Од

доделените решенија во 2019 година 7 претставуваат de minimis помош, а во третиот квартал од 2020 година има едно решение. Одобрената државна помош во Македонија за време на анализираниот период е само во рамките на инструментот А односно претставуваат неповратни средства во облик на дотации, субвенции на камати, отпишување на долгови на деловни претпријатија од кредити, наплата од присилно порамнување, олеснување и ослободување од плаќање на даноци и придонеси за социјално осигурување.

Во РС Македонија за периодот од 2009 до 2015 година нема податоци за износот на одобрена државна помош ниту пак за примателите на државна помош. Во 2016 година за првпат се познати имињата на компаниите кои добиле државна помош без да се обелоденува износот на држава помош, дополнително во 2016 познат е износот на државна помош која е одобрена преку Програмите и Оперативните планови и истиот изнесува 1.330.471 денари или 21.633 евра. Во Годишниот извештај не се спомнува дали во 2017 година има државна помош одобрена за странски компании, додека повторно е познат износот на државна помош која е одобрена преку Програмите и Оперативните планови и истиот изнесува 1.892.498.800 денари или 30.772.338 евра. Во 2018 година за првпат можеме одобрената државна помош да ја оцениме делумно транспарентна бидејќи познат е и износот и имињата на компаниите за кои таа е планирана. Во Годишниот извештај од 2018 година обелоденет е износот доделен на странски компании и изнесува 1.981.837.500 денари или 32.225.000 евра. Износот на одобрена државна помош преку Фондот за иновации и технолошки развој (домашни старт-ап компании) вклучувајќи и de minimis помош за 2018 година изнесувал 115.750.000 денари или 1.882.113 евра, а износот на одобрена државна помош преку Програмите и Оперативните планови изнесувал 2.953.101.500 денари или 48.017.910 евра. Во 2018 година вкупниот износ на одобрена државна помош изнесувал 5.050.689.000 денари или 82.125.024 евра или 0,74% од БДП што е за приближно 0,5% повеќе (или приближно 4 пати повеќе) од претходно познатите 0,2% од БДП во 2016 и 0,18% од БДП во 2017 година. ***За 2019 година и за 2020 година немаме податоци за износот на одобрена државна помош иако овој податок е побаран неколкупати од страна на КЗК преку барање за информации од јавен карактер, добиен е одговор дека истиот ќе може да биде објавен откако Собранието на РСМ како надзорен орган за работата на КЗК ќе го усвои Годишниот извештај за 2019 година.*** Износот на одобрена државна помош за 2020 пак ќе биде достапен откако Собранието на РСМ ќе го усвои Годишниот извештај за 2020 година после март 2021 година. Односно, ажурирани тековни податоци за државната помош ниту за планирана ниту за доделена е позната, и нејзиното објавување е значително доцна доколку истата е објавена воопшто, и ако не се третира како деловна тајна.

Од друга страна вкупниот износ за доделена државна помош за 2015 година е исто така непознат освен износот на доделена државна помош преку Програмите и Оперативните планови кој изнесувал 780.044.600 денари или 12.683.652 евра, додека износот за доделена државна помош за странски компании е изоставен во извештајот. Во 2016 година износот на доделена државна помош останува целосно нетранспарентен за јавноста. Во 2017 година без податоци за имињата на компаниите или пак програми за кои се работи објавен е износ на доделена државна помош од 1.825.700.517 денари или 29.686.187 евра. Во 2018 година износот на доделена државна помош е за првпат целосно

транспарентен со наведени имиња на компании и целосно транспарентен износ. Во 2018 година износот на доделена државна помош за странски компании изнесува 953.630.740 денари или 15.506.190 евра. Износ на доделена државна помош преку Фондот за иновации и технолошки развој (домашни старт-ап компании) во 2018 година изнесувал 736.063.521 денари или 11.968.512 евра. Износот на доделена државна помош преку Програмите и Оперативните планови во 2018 година изнесува 1.564.216.884 денари или 25.434.420 евра. Вкупниот износ на доделена државна помош во 2018 изнесувал 2.471.802.703 денари или 40.191.913 евра што е 0,37% од БДП.

Поради пандемијата со вирусот Ковид-19 и економските мерки за помагање на деловните субјекти за справување со последиците од кризата, Владата на РСМ побарала мислење од страна на КЗК за усогласеноста на вториот сет на економски мерки со Привремената рамка за државна помош на Европската Унија. ***Мислењето е достапно на веб страната на КЗК***. Одговорот на КЗК е дека вториот сет на мерки е во согласност со Привремената рамка на ЕК и ја известува Владата да достави известувања за сите мерки поединечно од секој орган кој планира да додели државна помош. ***Барањата за државна помош од страна на давателите не се објавени, и не постои таква пракса кај македонското надлежно тело, а решенијата за одобрување од страна на КЗК се објавени 4 месеци по нивно донесување.*** ЦЕА ги побара овие барања и решенија преку БИЈК, меѓутоа истите не ни беа доставени. Барањата од страна на подносителите директно беа доставено од трана на дел од барателите односно давателите. Сметаме дека улогата на КЗК во процесот на доделување државна помош за справување со економските последици од Ковид-19 е клучна и нејзината работа треба да биде целосно транспарентна за јавноста. Во моментот нивото на транспарентност за државна помош за Ковид-19 мерките го следи досегашното ниско ниво на транспарентност за државна помош.

КЗК врши надзор над постојната државна помош со тоа што секој давател на државна помош е должен најдоцна до 1 март во тековната година до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави годишен извештај за доделената дозволена државна помош во претходната година. Годишниот извештај содржи податоци за обликот на доделената државна помош, условите под кои е доделена државната помош во секој поединечен случај, актот врз основа на кој е доделена државната помош, износот на доделената државна помош по корисник и периодот на кој се однесува извештајот. КЗК за анализираниот период не извести преку одговор на барањето за информации од јавен карактер дека не водат евиденција за бројот на доставени годишни извештаи од страна на давателите.

Како резултат на потребата на давателите на државната помош да добиваат мислење и совет околу подготовка на правните акти за државна помош и за потребата од оценување на предлог договорите за доделување регионална државна помош Комисијата дава мислења на потенцијалните корисници. Во 2019 година бројот на дадени мислења од страна на Комисијата е 25, а во третиот квартал од 2020 година не се дадени нови мислења.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин следните четири критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;

- Да биде селективна;
- Да претставува економска поволност за примателот и
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

Оттука, при испитување на мерките содржани во доставените известувања, анализата на КЗК е од аспект на тоа дали истите ги исполнуваат горенаведените четири кумулативни критериуми со кратко образложение за истите, а дополнително се посочуваат и членовите од Законот за контрола на државна помош врз основа на кои истата е одобрена. Ако Комисијата при испитувањето на известувањето утврди дека мерките содржани во известувањето не претставуваат државна помош, во смисла на законот, треба да донесе решение за тоа.

Заклучоци:

- Европската Комисија оценува дека контролата на државна помош во Македонија не е доволно транспарентна;
- За време на анализираниот период просечниот број на доставени известувања за планирана државна помош од страна на давателите на државна помош изнесува 18 известувања годишно, а во третиот квартал од 2020 година изнесува 4 барања;
- Речиси сите доставени известувања за државна помош се одобрени од страна на КЗК;
- Одобрената државна помош во Македонија за време на анализираниот период е само во рамките на инструментот А;
- Во РС Македонија за периодот од 2009 до 2015 година нема податоци за износот на одобрена државна помош ниту пак за примателите на државна помош;
- Во 2016 година за првпат се познати имињата на компаниите кои добиле државна помош без да се обелоденува износот на држава помош;
- Во 2018 година за првпат одобрената државна помош е транспарентна бидејќи познат е и износот и имињата на компаниите за кои таа е планирана;
- За 2019 година и за 2020 година износот ќе може да биде објавен откако Собранието на РСМ како надзорен орган за работата на КЗК ќе го усвои Годишниот извештај за конкретната година;
- КЗК не водат евиденција за бројот на доставени годишни извештаи од страна на давателите;
- Во 2019 година бројот на дадени мислења од страна на Комисијата е 25, а во третиот квартал од 2020 година не се дадени нови мислења;
- КЗК не изработува детални економски анализи при носењето одлуки за одобрување на државна помош.
- Сметаме дека улогата на КЗК во процесот на доделување државна помош за справување со економските последици од Ковид-19 е клучна и нејзината работа треба да биде целосно транспарентна за јавноста.

4. Индикатори за транспарентност

Една од стратешките цели на Комисијата е јакнење на транспарентноста на работата на Комисијата и редовно ажурирање на веб страницата на Комисијата. Четвртата група на индикатори се однесува на нивото на транспарентност на КЗК мерено преку достапноста на документите и увид во активностите на Комисијата преку веб страницата. Информирани сме од страна на КЗК дека пред почетокот на 2020 година направено е обновување на веб страната, но не сме во можност да кажеме дали документите кои недостасуваат, а се од значење за јавноста не се прикачени до октомври 2020 (релативно долг временски период за обнова на веб страница) или истите и претходно не биле достапни. Од аспект на достапноста на документите на веб страницата, можеме да утврдиме дека релативно достапни се документите за 2019 година и за 2020 година.

Веб страницата на КЗК е тесно врзана со транспарентноста на работата на КЗК и истата треба да биде целосно функционална во најкус можен рок.

За 2019 година КЗК има објавено вкупно 14 вести/известувања за јавноста, додека за претходните години ниедна вест. При тоа, вестите/известувања се однесуваат на склучени меморандуми, седници, конференции и слично. Дополнително, вестите не се објавуваат ажурно, во моментот на случувањата, или непосредно по завршувањето на настаните за кои се објавува веста туку со задоцнување од 2 недели до 9 месеци. Досега, во текот на 2020 година, Комисијата нема објавена ниту една вест или новост освен известување за склучен меморандум помеѓу Комисијата и Народната Банка. Оттука, оценуваме дека е потребна засилена комуникација со јавноста во насока на нејзино навремено и редовно информирање.

Графикон 5: Вести/известувања за јавноста



Извор: Веб страна на КЗК

Во однос на навигација на страницата и приодот до објавените ресурси (информации, стратешки документи, годишни извештаи, ревизорски извештаи), веб страницата е прегледна, и едноставна за користење и сите ресурси се уредно класифицирани по категории. Сите прикачени документи припаѓаат во категоријата во која се сместени. До секој баран документ се стигнува со два до најмногу три кликнувања на некоја од категориите, што општо прифатено е лесен пристап на веб страница. Во однос на пребарувањето на страницата на КЗК под клучен збор во делот "Пребарај" пребарувањето е возможно само доколку бараниот клучен збор го има во насловот на документот, односно, пребарувањето е овозможено само по наслови, но не и во текстот на документот, со оглед на тоа дека сите документи се "pixelated documents", односно документите претходно се отпечатени па претворени во електронска форма. Овој пристап оневозможува лесно пребарување во и низ решенијата на Комисијата при пребарување на клучните зборови.

Во посебен дел од веб страницата на КЗК има категорија за Слободен пристап до информации, во кој се излистани сите информации од јавен карактер со кои располага КЗК како и образецот на барање на информации од јавен карактер и името и контактот од лицето одговорно за односи со јавноста. Од страна на КЗК добивме информација дека во 2019-та година Комисијата одговорила на 9 барања за информации од јавен карактер, додека во третиот квартал од 2020 година 3 барања за информации од јавен карактер.

Во однос на Годишните извештаи истите се достапни на веб страницата од 2005-та до 2018-та година. Годишниот извештај за 2019 година ќе биде достапен откако Собранието на РСМ како надлежен орган за работата на КЗК ќе го усвои истиот. Датумот на усвојување на извештајот варира од година до година согласно политичките случувања во дадената година. Објавувањето на Годишниот извештај за 2019 се очекува во текот на 2020 година. Во комуникација со претставници на Собранието на РСМ бевме известени дека КЗК редовно го поднесува Годишниот извештај во рамки на законскиот рок т.е. до 31-ви март секоја година. До моментот на пишување на овој извештај, Годишниот извештај на КЗК за 2019 година сеуште не е изгласан.

КЗК досега никогаш не соработувале со граѓанскиот сектор / немале понуда и барање за соработка од страна на граѓанскиот сектор. Комисијата освен за податоците кои се доверливи беше отворена за соработка и навремено беше даден одговор на нашите барања за информации. Податоците за државна помош за третиот квартал од 2020 година беа навремено доставени. Нашата перцепција е дека Комисијата е отворена за соработка, но потребна е унапредена двонасочна комуникација и заинтересираност за граѓанскиот сектор и медиумите со цел доближување на улогата и активностите на оваа важна институција до граѓаните и бизнисите.

На прашањето дали КЗК прави обуки до централната и локалната власт, бизнис заедницата, новинарите и граѓанскиот сектор за превенција и зголемување на свеста за заштита на конкуренцијата и контролата на државна помош добивме одговор дека КЗК не води таква евиденција, а дека во 2019 година имало 3 такви обуки (без дополнителни детали). На веб-страницата на КЗК нема објавено никакви информации за вакви обуки. Досега во 2020 година немало обуки.

КЗК нема изработено прирачник за засегнатите страни во кој е објаснет процесот на оценување на законитоста на концентрациите и оценка на државната помош на едноставен начин за широката јавност (граѓаните и бизнисите). Сепак според КЗК Уредбата дава доволно јасни насоки и детално објаснет процесот на оценување на концентрациите. КЗК не изработува детални економски анализи и секторски анализи кои кога би биле достапни за јавноста значително би ја зголемиле транспарентноста на Комисијата. На веб страната се достапни законите и уредбите поврзани со релевантната легислатива за работата на КЗК.

Согласно член 67 од Законот за заштита на конкуренцијата (83/2018) решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата и Комисијата за одлучување по прекршок, како и пресудите, односно решенијата на судот се објавуваат на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Објавениот текст на решението мора да ги содржи имињата на учесниците во постапката и основната содржина на решението. На веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата се објавуваат и известувањата за концентрациите со наведување на називите на учесниците, седиштето, основните деловни активности на учесниците, како и формата на концентрацијата, при што се повикуваат сите заинтересирани лица во рокот определен во известувањето да поднесат свои коментари, мислења и забелешки во врска со предметната концентрација. Податоците кои се деловна или службена тајна, не се објавуваат. На веб страницата се достапни известувањата за концентрации од страна на компаниите но, само за 2019-та година и 2020-та година (не и за претходните години) додека известувањата за планирана државна помош поднесени од страна на давателите на државна помош не се достапни на веб страницата на КЗК.

Решенијата за концентрации (безусловно одобрени, условно одобрени и забранети) се достапни на веб-страната за целиот анализиран период но и доста порано т.е. почнувајќи од 2005-та година, со исклучок на 2020 година кога истите се делумно објавени на веб страницата. Очекуваме овие решенија да се објават во најкус можен рок. Решенијата за забранети договори пак се објавувани нередовно, со последна објава во февруари 2018 година. Од 2019-та наваму нема издадени решенија за злоупотреба на доминантна позиција, а оние кои се донеле пред 2019-та година не се објавени на веб страната.

Согласно член 29 од Законот за контрола на државна помош (145/2010) решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и пресудите, односно решенијата на судот се објавуваат на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Објавениот текст на решението мора да го содржи називот на давателот на државната помош и основната содржина на решението. На веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата се објавува и информација за секое известување како и информација за поведување на постапка при што се повикуваат сите заинтересирани лица во определен рок да поднесат свои коментари, мислења и забелешки во врска со државната помош во прашање. Податоците кои се деловна или службена тајна, не се објавуваат. Во постапките за оцена и надзор на државната помош, соодветно се применуваат одредбите за деловна или службена тајна од Законот за заштита на конкуренцијата.

Во првото полугодие од 2020 не беа објавени решенијата за доделена државна помош за 2020 година. Во третиот квартал, поточно во август на веб- станицата се прикачени 12 такви решенија, додека според информациите од барањата за информации од јавен карактер во првите три квартали донесени се 20 такви решенија. Решенијата за одобрена државна помош се достапни за 2019 година при што во истите износот на државната помош се третира како доверлив. Решенијата за доделена државна помош од страна на давателите на државна помош не се достапни на веб страната и за нив КЗК не извести дека не води никаква евиденција (иако во Годишните извештаи за 2018 овој износ е целосно транспарентен).

Улогата на КЗК е особено важна во поглед на транспарентноста на државната помош која се доделува преку економските пакет-мерки кои се одговор на економската криза предизвикана од пандемијата со вирусот Ковид-19. Согласно наодите од анализата на ЦЕА за нивото на транспарентност на државната помош за време на пандемијата, КЗК брзо и ажурно одговарала на известувањата за државна помош и издавала решенија за одобрување на државна помош во рок од еден до десет дена согласно итноста на ситуацијата. Доделувањето на државна помош како одговор на последиците од пандемијата се смета како исклучок од општата забрана за државната помош, односно член 7 од Законот за контрола на државна помош според кој државна помош се доделува само по одредени исклучоци и со утврдени процедури. Иако објавувањето информации за мерките за државна помош која ја бараат давателите на државна помош е законска обврска (чл. 29, ЗКДП), КЗК со задоцнување од четири месеци ги објавиле решенијата за мерките за државна помош поврзани со Ковид-19.

Заклучоци:

- Вестите не се објавуваат ажурно, во моментот на случувањата, или непосредно по завршувањето на настаните за кои се објавува веста;
- Веб страницата е прегледна, и едноставна за користење и сите ресурси се уредно класифицирани по категории, меѓутоа голем дел од документите претежно поврзани со државната помош недостасуваат повеќе од 6 месеци како резултат на возобнувањето на веб страницата кое започнало на крајот на 2019 година;
- Во однос на Годишните извештаи истите се достапни на веб страницата од 2005-та до 2018-та година. Годишниот извештај за 2019 година не е достапен бидејќи иститот сеуште не е изгласан од страна на Собранието на РСМ;
- На веб страната се достапни законите и уредбите поврзани со релевантната легислатива за работата на КЗК;

- На веб страницата се достапни известувањата за концентрации од страна на компаниите но само за 2019-та година и 2020-та година, но не и преходните години;
- Известувањата за планирана државна помош поднесени од страна на давателите на државна помош не се достапни на веб страницата на КЗК;
- Решенијата за концентрации (безусловно одобрени, условно одобрени и забранети) се достапни на веб-страната за целиот анализиран период но и доста порано т.е. почнувајќи од 2005-та година, но за 2020 година се делумно објавени (споредено со информациите добиени преку барање за информации од јавен карактер);
- Решенијата за забранети договори пак се објавувани нередовно и селективно, со последна објава во февруари 2018 година;
- Решенијата за одобрена државна помош се достапни само за 2019 година при што во истите износот на државната помош се третира како доверлив. Решенијата од 2020 година се делумно објавени на веб страната на КЗК.
-

Прилози

Прилог 1 – Индикатори за капацитетите на КЗК

Индикатор	2015	2016	2017	2018	2019	1к/2020	2к/2020	3к/2020	4к/2020
Број на вработени во КЗК	29	28	27	27	23	24	24	24	
Вработени во сектор заштита на конкуренција	7	7	n.a.	n.a.	8	8	8	8	
Вработени во сектор за контрола на државна помош	5	5	n.a.	n.a.	4	4	4	4	
Годишен буџет на КЗК како % од вкупен државен буџет *	0,01%	0,01%	0,01%	0,009%	0,01%	0,01%	0,01%	0,01%	
Оперативни трошоци по вработен (мкд)**	594.339	621.756	692.149	683.749	n.a.	n.a.	n.a.	n.a.	
Вкупни трошоци без конто 465 Долгови и камати(мкд)	17.235.836	17.409.180	18.688.034	18.461.228	n.a.	n.a.	n.a.	n.a.	
Број на обуки и број на учесници/вработени***	n.a.	n.a.	n.a.	n.a.	4x7 учесници	1x2 учесника	0	1	

** Процентот за 2015-2018 год. се однесува на реализација на буџет на РСМ, а 2019 и 2020 на планиран буџет на РСМ*

*** Нема податок бидејќи Годишниот извештај сеуште не е изгласан на Собрание*

**** Не се води таква статистика во КЗК*

Прилог 2 – Индикатори за заштита на конкуренцијата

Индикатор	2015	2016	2017	2018	2019	1к/2020	2к/2020	3к/2020	4к/2020
Број на решенија за забранети договори, одлуки и усогласено однесување помеѓу претпријатијата	3	3	6	4	3	2	0	0	
Број на решенија за злоупотреба на доминантна позиција	2	2	1	2	0	0	0	0	
Вкупна изречена глоба за забранети договори, одлуки и усогласено однесување помеѓу претпријатијата (мкд)	45.853.400	9.754.000	635.773.622	11.036.936	122.311.619	6.713.101	n.a.	n.a.	
Вкупна изречена глоба за злоупотреба на доминантна позиција (мкд)	730.300	8.364.326	120.000	7.117.108	n.a.	n.a.	n.a.	n.a.	
Број на поднесени известувања за концентрации од страна на учесниците во концентрацијата	42	37	43	67	58	11	7	15	
Вкупен број на донесени решенија по поднесени известувања за концентрации	42	31	50	61	57	13	10	12	

Безусловно одобрени концентрации	40	30	48	60	50	13	10	12	
Условно одобрени концентрации	1	0	0	1	0	0	0	0	
Забранети концентрации	0	0	1	0	0	0	0	0	
Концентрации кои не потпаѓаат под одредбите на ЗЗК	0	0	0	0	6	0	0	0	
Поништени решенија со кои претходно е одобрена концентрација	1	0	0	0	1	0	0	0	
Поништени решенија за концентрација поради нецелосност на истите	0	1	1	0	0	0	0	0	
Поднесени тужби против донесено решение од страна на КЗК	0	0	0	3	2	2	1	0	
Дадени мислења за легислатива поврзана со заштита на конкуренција	5	4	4	6	6	0	1	0	
Број на ненајавени инспекции во некоја компанија *	n.a.	n.a.	n.a.	n.a.	3	0	0	0	
Број на барања од физички и правни лица за поведување на прекршочна постапка *	n.a.	n.a.	n.a.	n.a.	10	1	2	1	

Број на претставки поднесени од страна на бизнисите до КЗК?	n.a.	13	8	6	1	0	0	0	
Дали има спроведено санкции врз ентитети за спречување или не давање на информации на КЗК?	0	2	0	1	0	0	0	0	
Број на нови или измени на постоечки законски одредби во насока на усогласување со ЕУ acquis и колку истите се вклучени во легислативата	0	0	0	0	0	0	0	0	
Дали одредбите за ослободување или намалување на глобата (leniency) се применети во последните 5 години?	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	
Број на вкупен број **решени** случаи на прекршоци во управни постапки во Управен суд поврзани со заштита на конкуренција	0	12	4	5	0	1	0	0	
Број на **новопримени** прекршоци во управни постапки во Управен суд поврзани со заштита на	10	8	8	10	3	2	2	0	

конкуренција и број на **решени** случаи									
Дали носителот на одлуки спроведува економска анализа на конкурентските ефекти на спојувањата при нивно истражување? Број и вид на економски анализи. **	Да	Да	Да	Да	Да	Да	Да	Да	
Дали постојат секторски анализи за заштита на конкуренција?	0	0	0	0	0	0	0	0	

** 2015-2018 не се води ваква статистика во КЗК*

*** Анализите се сведуваат на преглед на поднесена документација*

Прилог 3 – Индикатори за контрола на државна помош

Индикатор	2015	2016	2017	2018	2019	1к/ 2020	2к/ 2020	3к/ 2020	4к/ 2020
Број на доставени барања за нова или за измена на постоечка државна помош	25	13	7	21	24	6	10	4	
Вкупен број на донесени решенија за одобрена државна помош	17	10	3	14	24	6	10	4	
Број на решенија за одобрување на de minimis помош	8	1	4	5	7	3	3	1	
Број на ништовни решенија за претходно планирана државна помош	0	2	0	2	0	0	0	2	
Број на одобрена државна помош која влегува во инструмент А1 и А2	25	11	7	19	24	6	10	4	
Број на одобрена државна помош која влегува во инструмент Б	0	0	0	0	0	0	0	0	
Број на одобрена државна помош која влегува во инструмент Ц1 и Ц2	0	0	0	0	0	0	0	0	
Број на одобрена државна помош која влегува во инструмент Д	0	0	0	0	0	0	0	0	

Вкупен износ на одобрена државна помош, вклучувајќи и de minimis помош	N.A.	Доверливо / Нетранспарентно	Доверливо/ Нетранспарентно	5.056.689.000	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	
Износ на одобрена државна помош на странски компании вклучувајќи и de minimis помош	N.A.	Доверливо / Нетранспарентно	N.A.	1.981.837.500	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	
Износ на одобрена државна помош преку Фондот за иновации и технолошки развој (домашни стартап компании) (мкд) вклучувајќи и de minimis помош	N.A.	N.A.	N.A.	115.750.000	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	
Износ на одобрена државна помош преку Програмите и Оперативните планови (мкд)	N.A.	1.330.471	1.892.498.800	2.953.101.500	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	
Одобрена државна помош како процент од БДП за претходната година вклучувајќи и de minimis помош	N.A.	0,2%	0,18%	0,74%	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	
Вкупен износ на доделена државна помош (мкд)	Доверливо/ Нетранспарентно	N.A.	1.825.700.517	2.471.802.703	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	

вклучувајќи и de minimis помош									
Вкупен износ на доделена државна помош на странски компании (мкд) вклучувајќи и de minimis помош	Доверливо/ Нетранспарентно	N.A.	N.A.	953.630.740	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	
Вкупен износ на доделена државна помош преку Фондот за иновации и технолошки развој (домашни стартап компании) (мкд) вклучувајќи и de minimis помош	N.A.	N.A.	N.A.	736.063.521	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	
Вкупен износ на доделена државна помош преку Програмите и Оперативните планови (мкд) вклучувајќи и de minimis помош	780.044.600	N.A.	N.A.	1.564.216.884	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	
Доделена државна помош како процент од БДП за претходната година вклучувајќи и de minimis помош	0,14%	N.A.	0,29%	0,37%	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	
Број на доставени годишни извештаи за доделена дозволена	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	N.A.	

државна помош во претходната година									
Број на дадени мислења до давателите на државна помош во фаза на подготовка на правните акти и колку истите се вклучени во легислативата	27	20	11	23	25	2	6	0	
Дали постојат економски анализи направени од КЗК при одлучување за одобрување на државна помош?	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	

Прилог 4 – Индикатори за транспарентност

Индикатор	2015	2016	2017	2018	2019	1к/ 2020	2к/ 2020	3к/ 2020	4к/ 2020
Дали е објавен годишниот извештај на веб страницата	Да	Да	Да	Да	n.a.	n.a.	n.a.	n.a.	
Навременост на поднесување на годишниот извештај до Собранието	Да	Да	Да	Да	Да	Да	Да	Да	
Видливост на интернет страницата на КЗК. (оцена најниска 1 до највисока 5)	1	1	1	1	2	2	2	3	
Број на одговори на барања за пристап до јавни информации	0	1	1	9	9	3	2	3	
Број јавни настапи: Конференции, пресови; известувања за медиумите, информативни материјали и други форми на информирање на јавноста објавени на веб страната	0	0	0	0	14	1	0	0	
Досегашна и тековна соработка со граѓанскиот сектор	0	0	0	0	0	1	1	1	

Дали КЗК прави обуки до централната и локалната власт, бизнис заедницата, новинарите и граѓанскиот сектор за превенција и зголемување на свеста за заштита на конкуренцијата и контролата на државна помош	n.a.	n.a.	n.a.	n.a.	3	0	0	0	
Дали постои достапен прирачник во кој е објаснет процесот на оценување на законитоста на концентрациите и државната помош	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	
Дали се јавно достапни секторските анализи кои ги прави КЗК	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	
Дали се јавно достапни економските анализи кои ги прави КЗК по секој одделен предмет за заштита на конкуренција и контрола на државна помош доколку има такви	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	
Дали се решенијата за забранети договори, одлуки и усогласено однесување помеѓу	Делумно	Делумно	Делумно	Делумно	Не	Не	n.a.	n.a.	

претпријатијата достапни на веб страната									
Дали се решенијата за злоупотреба на доминантна позиција достапни на интернет страницата	Не	Не	Не	Не	Да	Не	n.a.	n.a.	
Дали се решенијата за безусловно одобрени концентрации достапни на веб страницата	Да	Да	Да	Да	Да	Да	Да	Делумно	
Дали се решенијата за условно одобрени концентрации достапни на веб страницата	Да	Да	Да	Да	Да	Да	n.a.	n.a.	
Дали се решенијата за забранети концентрации достапни на веб страницата	Да	Да	Да	Да	Да	Да	n.a.	n.a.	
Дали на вебстраницата се наведени измените или новите законски акти	Да	Да	Да	Да	Да	Да	n.a.	n.a.	
Дали решенијата за одобрената државна помош се објавени на веб страната	Не	Не	Не	Не	Да	Не	Не	Делумно	
Дали решенијата за доделена државна помош	n.a.	n.a.	n.a.	n.a.	n.a.	n.a.	n.a.	n.a.	

се објавени на веб страната									
Известувања за концентрации на веб страната	0	0	0	0	48	12	11	20	
Известувања за планирана државна помош на веб страната	0	0	0	0	0	0	0	0	